# Винарска Визба Тиквеш

*Врвно од Македонија*

TIKVEŠ
SINCE 1885

Винарската визба „Тиквеш“ е предводник на винската индустрија во регионот и е препознатлив бренд во светот, бренд со кој се гордееме сите. Успешната приказна за нашата компанија ја градиме со децении, континуирано вложувајќи во технологија, развој и унапредување на човечките ресурси. Како дел од нашиот внимателно дефиниран план за раст и развој на организацијата, во потрага сме по успешни, енергични и посветени кандидати кои би ни се придружиле.

ДОКОЛКУ СТЕ ИНСПИРИРАНИ ОД ПРИКАЗНАТА ЗА ВИНО, ЈА ПОСЕДУВАТЕ ПОТРЕБНАТА АМБИЦИЈА, ЖЕЛБА ЗА УСПЕХ И СТРАСТ ДА СЕ ПРИКЛУЧИТЕ КОН НАШИОТ ПОБЕДНИЧКИ ТИМ, И СТЕ СПРЕМНИ ДА ГИ ИСКОРИСТИТЕ МОЖНОСТИ ТЕ ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ КОИ НИЕ ГИ НУДИМЕ, ВЕ МОЛИМЕ АПЛИЦИРАЈТЕ ЗА РАБОТНОТО МЕСТО:

## СОРАБОТНИК ЗА ПРОДАЖБА НА ИНТЕРНАЦИОНАЛНИ ПАЗАРИ

**Профил на кандидатот:**

- Образование – ВСС
- Одлично познавање на Microsoft Office (Excel, Word, Power Point)
- Одлично познавање на англиски јазик
- Најмалку 3 години искуство во областа
- Возачка дозвола - Б категорија
- Поседување на винска едукација би се сметало за предност
- Одлични комуникациски и организациски вештини
- Прецизност, аналитичност и ориентираност кон резултати
- Висок личен интегритет и деловна култура

**Клучни одговорности:**

- Развивање на продажбата на вино и жестоки пијалоци на интернационални пазари
- Генерирање, следење и спроведување на нарачки од купувачи на интерационални пазари
- Координирање на процесот на испорака на готов производ за интернационални пазари
- Навремено, точно и уредно одговарање на барањата за понуди, испораки и било какви информации испратени од постојни и потенцијални купувачи и соработници
- Посета на саеми, промоции, и слични манифестации, придонесувајќи за директно големување на продажбата и репутацијата на компанијата
- Изготвување на разни анализи и извештаи во врска со продажбата на интернационални пазари
- Следење и истражување на состојбите на интернационалните пазари и предлагање на конкретни активности за унаредување на продажбата

**ВВ Тиквеш нуди одлични услови за работа, атрактивен пакет за наградување и можности за обуки и кариерен развој. Изборот ќе се направи со јасни критериуми по пат на тестирање и интервјуирање на кандидатите.**

**Ако сте заинтересирани и ги исполнувате горенаведените услови, Ве молиме испратете го вашето резиме (Curriculum Vitae) и мотивационо писмо, на следната емаил адреса: kariera@tikves.com.mk, најдоцна до 27.10.2020 година.**

